Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна општинска установа за деца
Institucioni komunal publik për fëmijë
Детска градинка "АНГЕЛ ШАЈЧЕ"
Kopshti i femijëve "ANGEL SHAJÇE"
Бр.-Nr. 04-830/1
03.11 20 20 год.-viti
КУМАНОВО-KUMANOVË

Врз основа на член 143 став 10 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19 и 275/19) и член 38 став1 алинеја 10 од Статутот на ЈОУДГ „Ангел Шајче" – Куманово, Директорката на ЈОУДГ „Ангел Шајче" – Куманово на 03.11.2020 година донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидати по Интерен оглас бр.01/2020**
**за пополнување на работно место Воспитувач - ментор со унапредување**

**Член 1**

За пополнување на работно место Воспитувач - ментор со унапредување – 6 (шест) извршители, категорија даватели на услуги во ЈОУДГ „Ангел Шајче" – Куманово, со шифра ДЕЗ 03 03 В02 001, се избираат следните кандидати:

1. Марија Додевска
2. Емилија Гировска
3. Елена Николовски
4. Верица Тодоровска
5. Тамара Николовска и
6. Ивана Лутовац-Ангеловска.

**Член 2**

Именованите вработени ќе бидат унапредени по конечноста на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

По добивање на известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии преку Министерството за труд и социјална политика, ЈОУДГ „Ангел Шајче" – Куманово на својата веб страна и на огласната табла објави Интерен оглас бр.01/2020 за пополнување на работни места на даватели на услуги со унапредување.

Под реден бр.2 од Интерниот оглас се бараше пополнување со унапредување на работно место Воспитувач – ментор ДЕЗ 03 03 В02 001, категорија даватели на услуги - 6 (шест) извршители со завршено соодветно високо образование за вработени од редот на воспитувачи од ниво В1, В2, В3, најмалку три години работно искуство во установата и со соодветна важечка лиценца за работа за воспитувач.

Со Решение на Директорката на ЈОУДГ „Ангел Шајче" – Куманово, со арх.бр.04-724/1 од 14.10.2020 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување на даватели на услуги по интерниот оглас.

По спроведена постапка за административна селекција на 7 (седум) пријавени кандидати, (1) еден кандидат - воспитувач не го исполнуваше условот да има најмалку три години работно искуство во установата, по што за него постапката беше завршена во оваа фаза. Со останатите 6 (шест) кандидати кои ги исполнуваа условите утврдени во интерниот оглас, Комисијата спроведе интервју како втора фаза на постапката.

Согласно добиените бодови од спроведеното интервју со кандидатите и оценка од нивното последно оценување, во 2019 година, Комисијата за селекција за унапредување на даватели на услуги по интерен оглас изготви конечна ранг-листа за сите кандидати за работно место воспитувач - ментор.

Врз основа на конечната ранг листа на шестте кандидати од двете фази на селекција за унапредување и предлогот за пополнување на работно место воспитувач - ментор со унапредување – 6 (шест) извршители, Директорката на ЈОУДГ „Ангел Шајче" – Куманово ги избра предложените кандидати.

Врз основа на горе наведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од (8) осум дена од денот на приемот на одлуката за избор.

**Доставено до:**

- Избраните кандидати и
- Архива

**Директорка,**
**Марина Алексовска**